

# 360 СТЕПЕНИ ОГЛЕДАЛО



Рекламирано како првокласен уред, направено е првото огледало кое на својот корисник му дава поглед од 360 степени на - самиот себе. Кружното огледало всушност се седум одвоени огледала, кои се поставени во круг околу телото. Централното огледало е закачено на ѕидот, додека останатите се вртат околу човекот помогнати со две шипки. Двата крака со механизмот на хармоника се вртат околу човекот, давајќи му совршен поглед од сите страни. Тоа значи дека корисникот има слободни раце и истовремено може да се гледа од сите страни, што претставува совршена ситуација за правење фризура. По употребата деловите од огледалото повторно се враќаат позади главната плоча прицврстена на ѕидот.

Подготвил:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

## LEICA D-LUX 4 TITAN



"Leica" направи ограничена серија на нивната D-Lux 4 дигитална камера, со назив D-Lux 4 Titan. Камерата има резолуција од 10,1 мегапиксели и повеќе подобрувања наменети за фотографите-аматери. Направена е од сребрено сив титаниум и се продава во футрола од телешка кожа. Ќе бидат произведени само 10.000 D-Lux 4 Titan камери, што ги прави исклучително ексклузивни.



## SONY ERICSSON C905 TENDER ROSE

Уште еден новитет од "Sony Ericsson" - моделот C905 доби верзија наречена Tender Rose, која е наменета за дамите. Освен по бојата, ново кај Tender Rose е и софтверската надградба, која додава некои нови функции кај популарниот модел.

Промените опфаќаат: YouTube клиент, Wayfinder Navigator 8 и апликација за безжично принтање од HP.



